

# ДЕНЕС ПОСТОЈАТ ИЗМИСЛЕНИ Х

**Заедно со своите колеги, апсолвенти на катедрата за историја на уметност, Бојан Симовски го изработи проектот „Молци", поставувајќи црвени вреќички против молци, во огромни димензии, пред позначајните државни институции. Овој проект, кој траеше пред и по изборите, имаше цел преку метафорична игра, преку предизборен и постизборен „ритуал" да ја одигра улогата на остар критичар на институциите врз кои се темели нашето општество. Бојан Симовски до сега реализирал уште два ангажирани уметнички проекта - „Весела свадба" во локалитетот „Куклица", и „Крик" во руинираната печатница „Гоце Делчев" во Скопје, а сите негови проекти се еден вид бунт против негрижата, инертноста, незаинтересираноста за иднината на оваа земја...**

■ **Пред почетокот на изборите и една недела по завршувањето, пред главните државни институции го поставивте проектот „Молци"? Која беше неговата цел и какви пораки требаше да пренесе?**

● Поента беше да се направи проект кој ќе биде актуелен пред и по изборите. Тоа беше ритуал кој претставуваше метафорично дезинсекцирање, чистење на градот од штетници. Проектот се одвиваше во две фази, пред и по изборите, сè со цел да го избегнеме печатот на некојаси политичка обоеност. Таквата припадност е многу лоша за човек што се занимава со уметност, тогаш се губи слободата на изразот. Провокацијата да го направиме овој проект произлезе од нашето (не само ние како мала група, туку мислам на сите што живеат во Македонија) чукање на многу врати и сознанието дека зад вратите не наоѓаме разбирање. Не ги правиме проектите поради наша афирмација, никој од нас нема ќар од тоа, туку ги правиме за општо добро, каква што всушност е уметноста, како општествена дисциплина. Во институциите живеаат „молци", како метафора за човек кој е штетен сам за себе и кој лошо влијае врз јавното здравје.... Направивме чиста метафора и иронизирање, поставивме објект со огромни димензии (еден и пол на три метри) пред сите главни институции: Владата, МАНУ, МТВ, Собранието, Музејот на современа уметност, Судот.... Тоа се државни институции каде работат луѓе кои не си ја работат својата работата, туку само чекаат да добијат плата. Во овој проект тргнавме без големи амбиции дека правиме нешто големо, низ него беа проткаени цинизмот и иронијата, бидејќи само тие ни останаа за да се браниме од сè што се случува околу нас.

■ **Сите перформанси и проекти што ги правите се крик на незадоволство, дали навистина мислите дека преку уметничкиот израз ќе успеете да промените нешто?**

● Секогаш се поставува прашањето дали ние можеме нешто да промениме? Кој денес може нешто да промени. Во современото живеење повеќе создавање". Тој, исто така, вели дека кога не би постоела уметноста не би било можно да се дефинира ни животот. Тоа е многу хуман концепт за работите и уметноста воопшто. За многумина уметноста е бауч, резервирана за некоја интелектуална елита која дотерана оди на изложби. Не е така. На изложбите никој не ги гледа делата, туку се гледаат меѓу себе, блефираат. Тоа не е случај само кај нас, туку насекаде низ светот и е диктирано од материјализмот. Доколку не ги напуштиме овие доктрини, ако не се свртиме кон други духовни вредности, никогаш нема да успееме со уметноста да ги промениме нештата.

■ **Дали политичарите го разбираат тоа што го правите или мора на улиците пред институциите да излезе маса луѓе со транспаренти во рацете, со пцости во устите, за да видат и да слушнат дека народот има проблем?**

● Тоа е голем филозофски проблем. не постои категоријата - херој. Денес хероите се измислени ликови како што се Супермен, Бетмен... Капитализмот ја изгасна опцијата единката да има моќ нешто да промени. Денес во светот не постојат големи револуционери. Повеќе не постои силата на поединец, која може нешто да направи, затоа сакам да настапувам со група, будејќи мислам дека на тој начин идејата се шири понатаму и се добиваат поголеми ефекти. Во Македонија културолошкото ниво е многу ниско, кај луѓето владее апатија, воопшто не се заинтересирани дали некој прави нешто и што е тоа. Не знам дали може нешто да се промени, но доволно е да се почне, да се направи тој прв чекор. Не си создавам илузии дека можам да го променам општеството или државата, бидејќи тоа е еволутивен процес. Ако се гледа од етимолошка страна, во коренот на зборот револуција се крие зборот еволуција, тоа значи дека прво треба да еволуираме, а потоа да правиме револуции. Тоа е процес кој не знам колку долго ќе трае. Концептот на уметноста што јас го прифатив е оној на Јозеф Бојс, кој вели: „Секој може да биде уметник и секој треба да се занимава со уметност. Уметноста е највисокото ниво на

Како на политичар да му објасниш што значат сликите. Или, како што вели Бојс - како на мртов зајак да му објасниш што значат сликите? Како да му објасниш на обичен човек што е уметноста и која сила таа ја поседува. Како што докторот го лекува болното тело, така уметноста го лекува болниот дух. Тоа е вистинскиот начин да се промени нешто, преку духовни вредности, преку уметност (сликарство, поезија, музика....) да направиме здрав човек. Колку човекот повеќе е анимиран во тој свет и следи што се случува, толку повеќе ќе напредува. Но во Македонија се соочуваме со уште еден проблем - слабата информираност за светските текови, што во светот е мејнстрим, кои вредности таму владеат, каде се движат работите.... Сè уште сме заглавени на некои други нивоа. Целта на политичарите и политиката е да ги ослободи луѓето од политика, но нашите не успеваат во тоа. Ние сме целосно исполитизирано општество, секое мало дете знае кој е министер, ги знае нивните имиња и презимиња. Денес живееме со такви вредности каде што криминалци и политичари се фраери, а спортистите и уметниците никој не ги споменува, бидејќи тие се чудаци.

Вреќите против „молци" Симовски ги постави пред најзначајните државни институции











### „ВЕСЕЛА СВАДБА"

Перформансот кој го направивме на локалитетот „Куклица" се случуваше во период кога на тој локалитет му претстоеше уништување, требаше да се потопи. Целта на „Весела свадба" беше да се даде тој првиот импулс што повеќе луѓе да дознаат за тоа место. Навистина боли кога ќе видите какви сè убавини имаме во Македонија, а никој не се грижи за нив. Целта беше да се укаже на тој еколошки проблем и да се преземе нешто.



### „КРИК"

Минатата година пред печатницата „Гоце Делчев" го поставивме перформансот „Крик". Овој проект беше критика на тоа што последните години се случува во Скопје. По катастрофалниот земјотрес, Скопје сега доживува уште една катастрофа, енормно градење без концепт. За жал не градат луѓе кои ја познаваат архитектурата, која е врвна уметност, кои ја сакаат, туку работат луѓе кои сакаат да заработат. Скопје е многу лошо концепирано, сите важни институции се наоѓаат во центарот, доволно е да дојде само една странска делегација и ништо да не функционира. Урбаната мафија го уништува овој град. Велат дека „градот го прават луѓето, и дека градот и архитектурата се сведоци за луѓето што живеат и живееле во него." Целта на „Крик" беше да се анимираат луѓето дека имаме проблем, а го поставивме во зградата на печатницата, која е една од најстарите во Скопје.

# САМО
# ЕРОИ

■ **Првиот перфоманс што го направивте беше на локалитетот Куклица, во Хераклеја со години се одржуваат културни програми, неодамна во Кокино се одржа концет.... Колку е паметно, а колку е штетно да се користат овие локалитети за културно-уметнички настапи, иако целта секако е тие што повеќе да се афирмираат?**

● Сè додека не се оштетува природната средина, амбиентот, оригиналноста и автентичноста на местото, дозволиво е. Но за да се заштитат локалитетите, треба добро да се плати. Не велам дека треба да престанат сите тие настани, во странство тоа е стара практика, но тоа кај нив се прави на некое друго ниво. Не можам со сигурност да кажам како се работи кај нас, дали се следат некои стандари или сè се прави на своја рака. Кога се прави некој проект на такви локалитети, целта е да се анимира местото, да привлече публика, да се пренесат информациите за тоа место и да се зголеми неговата атрактивност. А организаторите на тие настапи треба да ја преземат сета одговорност местото максимално да го заштитат.

**Јелена Димовска**






СТАНБЕНИ КРЕДИТИ од ИК БАНКА со рок на отплата до 15 години и номинална каматна стапка од 8,5% (ЕКС* - 9,12%)

Симулација на кредитот:

| | |
|---|---|
| Висина на кредит | 20.000 EUR |
| Рок | 15 години |
| Месечна (номинална) камата | 0,68% |
| Месечна рата | 196,95 EUR |

*ЕКС - каматна стапка во која се пресметани сите трошоци за кредитот

Прва Банка во Македонија со ISO 9001:2000 сертификат

ИК БАНКА
ИЗВОЗНА И КРЕДИТНА БАНКА
СОЗДАВАМЕ ВРЕДНОСТИ

**Скопје:** 02/ 3 224 975, 3 122 350; **Битола:** 047/ 237 885; **Неготино:** 043/ 370 780; **Прилеп:** 048/ 418 982; **Ресен:** 047/ 452 508; **Гевгелија:** 034/ 218 120; **Св. Николе:** 032/ 440 340;
www.ikbanka.com.mk; e-mail: ikbleg@ikbanka.com.mk